ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Коалицијата „Иднината во наши раце“ за Предвремени локални избори 2020 за Градоначалник во Штип, Политичка партија Демократи Скопје и Македонска Обединителна Реформска Организација – Работничка партија.

**Предмет на ревизија:**

Вкупен финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборна кампања, заедно со ревизија на усогласеност.

**Цел на ревизијата:**
Дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**

Не се доставени до сите надлежни институции сите пропишани извештаи, како и дека вршењето на платниот промет со асигнација не е реализиран преку трансакциската сметка на учесникот во изборната кампања.

**Издадено мислење/заклучок*:** 🔴 🟡

Изразивме неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај, додека за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики изразивме мислење со резерва.

**Клучни препораки:**

Надлежните органи во иднина при организирање на избори да ги изготвуваат и до надлежните органи да го доставуваат сите пропишани извештаи и регистар на донации и во идни изборни процеси да обезбеди доследна примена на одредбите на Изборниот законик во однос на реализација на платниот промет со асигнација преку трансакциска сметка.

**Клучни системски слабости:**

Преиспитување/уредување на регулативата за:
- финансирање на изборите со средствата од Буџетот наменети за редовното работење;
- неплатени обврски од изборната сметка;
- претставување на социјалните мрежи.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Одговор на добиени забелешки:**

/

* 🟢 позитивно, 🟡 со резерва, 🔴 неповолно, ⚫ воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков“, П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov“, rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk